Архивски знак: ___
Рок на чување: ___ год.
___ 20___ год.
Потпис, ___

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2022 ГОДИНА

## (ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО КУЛТУРАТА ЗА 2022)

1. Со оваа програма се определуваат видот и носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти од областа на културата и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2022 година.

2. Со оваа програма се планира да се реализираат следниве активности:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Износ на финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје | НУ Турски Театар - Скопје | 100 000 000,00 денари |
| 2. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Иљо Антески – Смок"- Тетово | 220 000 000,00 денари |
| 3. | Изградба на објект - „Стар театар" во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица | 95 000 000,00 денари |
| 4. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово, зграда на театар | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово | 15 000 000,00 денари |
| 5. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Бели Мугри" - Кочани | НУ Центар за култура „Бели Мугри" - Кочани | 15 000 000,00 денари |
| 6. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ | НУ Центар за култура „АСНОМ" | 15 000 000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | – Гостивар | |
| 7. | Реконструкција со доградба и надградба на објектот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп, со цел за обезбедување на простор за потребите на театарот (обезбедување на проектна документација и почеток со изведба на работите) | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ - Прилеп | 6 000 000,00 денари |
| 8. | Реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија - Скопје (обезбедување на проектна документација и почеток со изведба на работите) | Министерство за култура | 15 000 000,00 денари |
| 9. | Реконструкција на објектот – Мала станица, на НУ Национална Галерија на Македонија – Скопје (обезбедување на проектна документација и почеток со изведба на работите) | Министерство за култура | 6 000 000,00 денари |
| 10. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Антон Панов“ - Струмица | Министерство за култура | 4 000 000,00 денари |
| 11. | Реконстркција на објектот за музејска поставка на НУ д-р Никола Незлобински – Струга | НУ д-р Никола Незлобински – Струга | 6 000 000,00 денари |
| 12. | Санација на кровна конструкција на стариот дел од објектот на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје | НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Сопје | 30 000 000,00 денари |
| 13. | Санација на кровна конструкција на НУ Музеј на современа уметност – Скопје | НУ Музеј на современа уметност – Скопје | 4 000 000,00 денари |
| 14. | Санација на Хавзи пашините Конаци – објект депо на НУ | НУ Кинотека - Скопје | 5 000 000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Кинотека - Скопје | | |

3. Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 на оваа програма во износ од 536 000 000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 41, 49, 50 и 84 од ставките 482 – други градежни работи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб-страницата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министерство за култура
Министер
Ирена Стефоска